# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Број 123 Год. LXII Понеделник, 27 ноември 2006 Цена на овој број е 220 денари**

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

С О Д Р Ж И Н А

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2084. | **Одлука** за изменување на Одлуката за основање друштво со ограничена одговорност со статусна промена издвојување на дел од Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија........... | 1 |
| 2085. | **Програма** за изменување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Република Македонија во 2006 година ..... | 1 |
| 2086. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за квалитетот на течните горива................................ | 2 |
| 2087. | **Одлука** за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата............................................ | 5 |
| | **Огласен дел**......................................... | 1-56 |

---

### ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2084.**

Врз основа на член 4-а од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 6/02, 40/03 и 49/06), а согласно Одлуката за издвојување и организирање во посебно трговско друштво дел од Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 76/06 и 83/06), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.11.2006 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ СО СТАТУСНА ПРОМЕНА ИЗДВОЈУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН И ДЕЛОВЕН ПРОСТОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Одлуката за основање друштво со ограничена одговорност со статусна промена издвојување на дел од Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија бр.19-3161/3 од 4.07.2006 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.83/06 и 105/06) член 3 се менува и гласи:

„Седиштето на Друштвото е во Скопје, на ул. „Црвена Скопска општина“ бр.11, локал бр. 4 и 5“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-5551/1
21 ноември 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

---

**2085.**

Врз основа на член 16 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.11.2006 година, донесе

### П Р О Г Р А М А
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2006 ГОДИНА

1. Во Програмата за изработка на урбанистички планови во Република Македонија во 2006 година (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/06), во точка 2, потточка 2.1. зборовите: “и Демир Хисар“, се бришат, а износот “7.400.000“ се заменува со износот “6.900.000,00“.

Потточката 2.2 се менува и гласи:

„2.2. Изработка на урбанистички план за село Сопиште локалитет Сончев Град 1.500.000 денари.“

Потточката 2.3. се брише.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-5626/1 Претседател на Владата
21 ноември 2006 година на Република Македонија,
Скопје **Никола Груевски,** с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

**2086.**

Врз основа на член 20 став 1 точка 2 и 6 од Законот за безбедност на производи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 33/2006), министерот за економија донесува

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КВАЛИТЕТОТ НА ТЕЧНИТЕ ГОРИВА

Член 1

Во Правилникот за квалитетот на течните горива ("Службен весник на Република Македонија" бр 90/2006) во членот 3 точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "како и на биогоривата".

Член 2

По членот 3 се додаваат два нови члена 3-а и 3-б кои гласат:

„Член 3-а

Биогоривата се течни или гасовити горива кои се произведуваат од биомаса. Биомаса е биолошки разградлива фракција на производите, одпадоци и остатоци во земјоделството, кои содржат материи од растително и животинско потекло, во шумарството и со нив поврзани производни дејности како и биолошко разградливи фракции од индустриски и комунални одпадоци.

Член 3-б

Биогорива се: биодизел, биоетанол, биогас, биометанол, биодиметилетер, био-ETBE, био-MTBE, синтетичко биогориво, биоводородик и чисто растително масло.

Биодизел е метил естер масна киселина (FAME) произведена од растително или животинско масло, кое има својство на дизел, да се користи како биогориво;

Биоетанол е етанол произведен од биомаса и/или биоразградувачка фракција на одпад, да се користи како биогориво;

Биогас е гас произведен од биомаса и или од биоразградувачки фракција на одпад, кој може да се пречисти во квалитетен природен гас, да се користи како биогориво, или генератирски гас ;

Биометанол е метанол произведен од биомаса, да се користи како биогориво;

Биодиметилетер е диметилетер произведен од биомаса, да се користи како биогориво;

Био-ETBE е произведено на база на биоетанол. Процентот на волуменот на био ETBE кое се третира како биогориво е 47%;

Био MTBE е произведено на база на биометанол. Процентот на волуменот на био MTBE кое се третира како биогориво е 36%;

Синтетичко биогориво е синтетички јаглеводород или микс од синтетички јаглеводороди, кои се произведени од биомаса;

Биоводород е водород произведен од биомаса, и/или од биоразградувачки фракција на одпад, да се користи како биогориво;

Чисто растително масло е масло произведено од маслодајни растенија преку гмечење, екстракција или слична постапка, сурово или рафинирано но хемиски непроменето, кога е компатибилно со типовите на моторите и соодветните услови во поглед на нивните емисиите.

Член 3

Во членот 6 став 1 во алинеја 1 и 2 по запирката се додаваат зборовите: "освен за количината на намешано биогориво,".

По став 2 се додаваат осум нови става 3,4,5,6,7,8,9 и 10 кои гласат:

„Горивото БМБ-98 и БМБ-95 може да содржи најмногу 15% (v/v) биоетанол чиј што квалитет се потврдува со изјава за сообразност на квалитетот на биоетанолот според образец ТБГ-1 даден во прилог бр. 1 кој е составен дел на овој правилник.

Набавувачот (производителот, увозник или трговец) на биоетанол треба за секоја количина биогориво да даде изјава за сообразност на квалитетот.

Набавувачот изјавата за сообразност на квалитетот ја дава врз основа на извештајот од испитувањата за квалитетот на биоетанолот издаден од акредитирана лабораторија.

Со изјавата за сообразност на квалитетот на биоетанол, набавувачот гарантира дека биоетанолот одговара на барањата пропишани со овој правилник.

Изјавата за сообразност на квалитетот на биоетанол, набавувачот ја предава на крајниот корисник или на дистрибутерот, додека копие од истата задржува за себе.

Изјавите за сообразност во оригинал и копие набавувачот треба да ги чува една година од денот на издавањето.

Се смета дека биоетанолот ги исполнува барањата од овој правилник ако одделните негови карактеристики се согласни со пропишаните во македонските стандарди кои се однесуваат на карактеристиките на биоетанолот.

За утврдување на количината на биоетанол во БМБ-98 и БМБ-95 се применува методатата на испитување по македонските стандарди. "

Член 4

Во членот 7 во став 1 точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "освен за количините на намешаното гориво".

По став 2 се додаваат осум нови ставови 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10 кои гласат:

"Горивото Д-Е III може да содржи најмногу 5% (v/v) биодизел чии што квалитет се потврдува со изјава за сообразност на квалитетот на биодизел според образец ТБГ-2 даден во прилог бр 2 кој е составен дел на овој правилник.

Набавувачот (производител, увозник или трговец) на биодизел треба за секоја количина биодизел да даде изјава за сообразност на квалитетот.

Набавувачот изјавата за сообразност на квалитетот ја дава врз основа на извештај од испитувањата за квалитетот на биодизелот издадена од акредитирана лабораторија.

Со изјавата за сообразност на квалитетот на биодизел, набавувачот гарантира дека биогоривото одговара на барањата пропишани со овој правилник.

Изјавата за сообразност на квалитетот на биодизел, набавувачот ја предава на крајниот корисник или на дистрибутерот, додека копие од истата задржува за себе.

Изјавите за сообразност во оригинал и копие набавувачот треба да ги чува една година од денот на издавањето.

Се смета дека биодизелот ги исполнува барањата од овој правилник ако одделните негови карактеристики се согласни со пропишаните во македонските стандарди кои се однесуваат на карактеристиките на биодизелот.

За утврдување на количината на биодизелот во Д-Е III се применува методатата на испитување по македонските стандарди. "

Член 5

По членот 11 се додаваат три нови члена 11-а,11-б и 11-в кои гласат:

"Член 11-а

Намешувањата на биогоривата во фосилните горива го вршат производителите на фосилни горива како и производителите на биогорива (биодизел и биоетанол) во резервоарски простор од најмалку 1.000 тони за мешано гориво моторен бензин и биоетанол и во резервоарски простор од најмалку 1.000 тони за мешано гориво дизел и биодоизел.

Член 11-б

Набавувачот (производител, увозник или трговец) на биогоривото води евиденција за количината на биогоривото ставено во промет на домашниот пазар .

Податоците од евиденцијата да се доставуваат до министерството надлежно за работите од областа на енергетиката, најдоцна до 31 јануари во тековната година за претходната календарска година на образец ТБГ-2.

Податоците за количините на биогоривото кои на годишно ниво се ставаат во промет на домашниот пазар, се објавуваат на WEB страницата на министерството надлежно за работите од областа на енергетиката.

Член 11-в

Застапеноста на биогоривата во сите горива кои се користат за транспорт, треба да изнесува најмалку до 5,75 % до 2010 година .

Застапеноста на биогоривата од став 1 на овој член се изразува во проценти врз основа на енергетската вредност и густината на биогоривата и фосилните горива кои се дадени во прилог бр.3 кој е составен дел на овој правилник."

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот по објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01.07.2007 година.

Бр. 12-7744
20 ноември 2006 година
Скопје

Министер,
**Вера Рафајловска,** с.р.

ОБРАЗЕЦ ТБГ -1

## ИЗЈАВА ЗА СООБРАЗНОСТ

(1) Реден број ______________________________

(2) Матичен број на набавувачот ______________________________

(3) Назив на трговско друштво-набавувач ______________________________
Седиште: Улица и бр.__________________Град: ____________________
Тел ____________________ Факс: ______________________________
Име и презиме на одговорното лице на фирмата – набавувач
______________________________________________________________

(4) Име на производот: ______________________________
Количина на производот испорачана на набавувачот: __________________
Бр. на отпремница и дата и/или бр.на царинска декларација и дата:
______________________________________________________________

(5) Државата во која е произведен производот: ________________________

(6) Име на лабораторија во која е испитан производот:
______________________________________________________________
Дата на испитување: ______________________________

(7) Со целосна одговорност изјавувам дека квалитетот на производот за кој се издава оваа изјава, е сообразно на пропишаните барања во Правилникот за квалитетот на течните горива и дека испитувањето е извршено во согласност со пропишаните стандарди и методи на испитување.

______________________________

(8) Во ____________________ ________________
Одговорно лице

ОБРАЗЕЦ ТБГ -2

## ЕВИДЕНЦИЈА ЗА КОЛИЧИНАТА И ВИДОТ НА БИОГОРИВОТО КОЕ СЕ СТАВА ВО ПРОМЕТ НА ДОМАШНИОТ ПАЗАР

1 дел: Основни податоци

| | |
|---|---|
| Назив на трговското друштво - набавувач | |
| Седиште<br>Улица и број:<br>Место: | |
| Матичен број на набавувачот | |
| Име и презиме на одговорното лице кај правното лице-набавувачот | |
| Телефон:<br>Фах:<br>e-mail: | |
| Година за која се даваат податоците | |

2 дел: Податоци за количините на биогоривата ставени во промет на домашниот Пазар во период јануари-декември __________година

| Име на биогоривото | Процент на биогоривото во мешаното гориво | Јан I | Фев II | Мар III | Апр IV | Мај V | Јун VI | Јул VII | Авг VIII | Септ IX | Окт X | Ное XI | Дек XII | Вк. I-XII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |

Напомена: Количината на биогоривата се изразува по волумен (по литри на температура +15$^0$C (v/v) или по маса и по тон нето тежина(m/m) ).

Во ________________
Одговорно лице

ПРИЛОГ 1

**ПРОСЕЧНА ЕНЕРГЕТСКА ВРЕДНОСТ И ГУСТИНА НА ГОРИВАТА И БИОГОРИВАТА**

| ВИД НА БИОГОРИВОТО | ЕНЕРГЕТСКА ВРЕДНОСТ | | ГУСТИНА | |
|---|---|---|---|---|
| | вредност | единица | вредност | единица |
| Дизел | 42,60 | MJ/kg | 0,845 | kg/l |
| Биодизел | 36,90 | MJ/kg | 0,883 | kg/l |
| Чисто растително масло | 35,17 | MJ/kg | 0,920 | kg/l |
| Бензин | 43,85 | MJ/kg | 0,785 | kg/l |
| ЕТБЕ | 36,29 | MJ/kg | 0,744 | kg/l |
| МТБЕ | 34,92 | MJ/kg | 0,744 | kg/l |
| Биоетанол | 26,57 | MJ/kg | 0,794 | kg/l |
| Биометанол | 18,86 | MJ/kg | 0,797 | kg/l |
| Гас* | 34,08 | MJ/m$^3$ | 0,680 | kg/ m$^3$ |
| Биогас* | 32,64 | MJ/m$^3$ | 0,680 | kg/ m$^3$ |

- при температура од 288, 15 K и притисок 101,325 kPa

---

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**2087.**

Врз основа на член 19, алинеја 6 од Законот за енергетика ("Службен весник на РМ" бр. 63/06 од 23.05.2006 година), член 28 од Законот за акцизите ("Службен весник на РМ" бр.32/01, 50/01, 52/01 , 45/02, 98/02, 24/03, 96/04 и 38/05), член 28 и 29 од Законот за данокот на додадена вредност ("Службен весник на РМ" бр. 44/99,59/99,86/99,11/00,8/01, 21/03 и 19/04), Законот за животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 27.11.2006 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ УТВРДЕНИ СОГЛАСНО МЕТОДОЛОГИЈАТА**

Член 1

Претпријатијата кои произведуваат деривати од нафта можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати така што највисоките производни цени да изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - МБ-96 (ПРЕМИУМ) | до 23,872 |
| - БМБ-90 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР) | до 23,964 |
| - БМБ-95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ) | до 24,056 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - Д (ДИЗЕЛ) | до 27,446 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно (ЕЛ) | до 28,200 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-1 (М) | до 15,176 |
| - М-2 | до 15,151 |

Член 2

Претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати и увозници (во натамошниот текст: претпријатија) ги формираат цените за одделни нафтени деривати така што:

А.Највисоките малопродажни цени (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) да изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - МБ-96 (ПРЕМИУМ) | до 62,00 |
| - БМБ-90 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР) | до 58,50 |
| - БМБ-95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ) | до 59,00 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - Д (ДИЗЕЛ) | до 51,50 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно (ЕЛ) | до 41,50 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-1 (М) | до 18,557 |
| - М-2 | до 18,527 |

Б. Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да ги формираат цените за одделни нафтени деривати во однос на највисоките цени од точката А на став 1 на овој член (1 ГРУПА НА ЦЕНИ), освен од потточката “г” и тоа: за 0,5 ден/лит пониски (2 ГРУПА НА ЦЕНИ), за 1,00 ден/лит пониски (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) и за 1,5 ден/лит пониски (4 ГРУПА НА ЦЕНИ), согласно следната табела и да изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | (2 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | (4 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит |
|---|---|---|---|
| МБ - 96 (ПРЕМИУМ) | 61,50 | 61,00 | 60,50 |
| БМБ - 90 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР) | 58,00 | 57,50 | 57,00 |
| БМБ - 95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ) | 58,50 | 58,00 | 57,50 |
| Д - ДИЗЕЛ | 51,00 | 50,50 | 50,00 |
| Е Л - ЕКСТРА ЛЕСНО | 41,00 | 40,50 | 40,00 |

Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да вршат промет на секој дериват поодделно по една од цените утврдени за тој дериват во една од групите на цени определени согласно оваа одлука.

Цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен цените за мазутот М-1 и М-2, важат франко пумпна станица, а цените на мазутот М-1 и М-2 важат франко производител во земјата.

Во цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен во цените за мазутот М-1 и М-2 , содржани се и трошоците за превоз од 0,50 ден/литар.

Во малопродажните цени формирани согласно овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот.

Член 3

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина кои согласно Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - МБ-96 (ПРЕМИУМ) | 0,150 |
| - БМБ-90 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР) | 0,080 |
| - БМБ-95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ) | 0,080 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - Д (ДИЗЕЛ) | 0,030 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно (ЕЛ) | 0,040 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-1 (М) | 0,050 |
| - М-2 | 0,050 |

Член 4

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно Законот изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - МБ-96 (ПРЕМИУМ) | 24,820 |
| - БМБ-90 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР) | 21,832 |
| - БМБ-95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ) | 22,164 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - Д (ДИЗЕЛ) | 12,468 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно (ЕЛ) | 3,229 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-1 (М) | 0,100 |
| - М-2 | 0,100 |

Член 5

Во малопродажните цени утврдени согласно членот 2 од оваа одлука, трошоците на прометот на секој поодделен нафтен дериват од секоја ценовна група изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | Ед. мерка | (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) | ( 2 ГРУПА НА ЦЕНИ) | (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) | (4 ГРУПА НА ЦЕНИ) |
|---|---|---|---|---|---|
| МБ - 96 (ПРЕМИУМ) | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| БМБ - 90 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР) | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| БМБ- 95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ) | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| Д - ДИЗЕЛ | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| Е Л - ЕКСТРА ЛЕСНО | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| МАЗУТ М - 1 | ден/кг | 0,400 | 0,400 | 0,400 | 0,400 |
| МАЗУТ М - 2 | ден/кг | 0,400 | 0,400 | 0,400 | 0,400 |

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, а ќе се применува од 00,01 часот на 28.11.2006 година.

Бр. 02-1724/1
27 ноември 2006 година
Скопје

Претседател,
**Славе Ивановски**, с.р.

# ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ ВИ НУДИ



**1. База на прописи** на целата важечка законска и подзаконска регулатива од 1945 година до денес (околу 9000 прописи, распоредени во 22 области и преку 64 подобласти), како и тековното издавање на службениот весник во дигитална форма.

**- За период од 12 месеци, за претплатниците на печатеното издание „Службен весник на РМ":**

а) **за над десет** претплатнички акаунти........................**4.880,00** денари по акаунт;
б) **од шест до десет** претплатнички акаунти......................**6.588,00** денари по акаунт;
в) **од еден до пет** претплатнички акаунти......................**8.540,00** денари по акаунт.

**- За период од 12 месеци, за оние кои не се претплатници на печатеното издание „Службен весник на РМ":**

а) **за над десет** претплатнички акаунти......................**9.760,00** денари по акаунт;
б) **од шест до десет** претплатнички акаунти....................**10.980,00** денари по акаунт;
в) **од еден до пет** претплатнички акаунти....................**12.200,00** денари по акаунт.

**- За период од 1 месец - 1.400,00 денари по претплатнички акаунт.**




**2. CD-ROM изданија**

**1) Комплет CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003, 2004 и 2005 година**................................**4000,00 денари**

**2) Поединечни CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003, 2004 и 2005 година**......................**1000,00 денари**




**3. Регистарот на прописи на РМ** е единствено комплетно издание во Републиката на сите прописи, со најбрзо-двомесечно тековно ажурирање и овозможува брзо и лесно пребарување по азбучен и предметен регистар на законската и подзаконската регулатива. При секое ажурирање претплатниците добиваат гратис додаток на збирка актуелни прописи.

Секој нов претплатник со основната влошка добива и **гратис** класер-кутија.

**Цена**......................................................**3.700,00 денари.**

**Цените се со пресметан ДДВ.**

## П О Р А Ч К А БР. 123

Со ова неотповикливо ги порачуваме изданијата под реден број:

**1.** Во __________________________ акаунти;

**2.** Комплет во __________________ примероци (2001 _____; 2002 _____; 2003 _____; 2004 _____ и 2005 _____ примероци);

**3.** Во __________________________ примероци.

Доказот за извршена уплата и порачката ги испраќаме по пошта.

**Порачател:** ____________________________________________________________

**Место:** __________, **ул.** _____________________, **бр.** ______, **тел./факс** ______________

**Моб.** ____________________

**Потпис на порачателот**

**Во** __________, ________**2006 година.** **(М.П.)** ____________________

## ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ ВИ ГИ НУДИ

## СО ГОЛЕМО НАМАЛЕНИЕ ИЗДАНИЈАТА

| Изданија | Цена |
|---|---|
| **1. Изборен законик**, *2006* | 300,00 |
| **2. Закон за стечај,** *2006*<br>*од д-р Кирил Чавдар*<br>*(со објаснувања, судска практика и предметен регистар)* | 600,00 |
| **3. Збирка на прописи од областа на судството,** *2006*<br>*Законите за: судовите; Судскиот совет на РМ; судскиот буџет (редакциски пречистен текст); Академија за обука на судии и јавни обвинители.* | 400,00 |
| **4. Закон за трговските друштва**<br>со вовед, *2004* | 500,00 |
| **5. Закон за општата управна постапка** (со коментар)<br>*Проф. д-р С. Гелевски, 2005* | 500,00 |
| **6. Закон за кривична постапка и Закон за извршување на санкциите (редакциски пречистени текстови),** *2004* | 400,00 |
| **7. Кривичен законик**<br>*од проф. д-р Методија Каневчев*<br>*(со кратки упатства, објаснувања и регистар на поимите), 2005* | 600,00 |
| **8. Закон за работните односи**<br>(редакциска збирка, *2005*) | 400,00 |
| **9. Устав на Република Македонија**<br>*(со сите амандмани од I - XXX), 2005*<br>на македонски и на англиски јазик (во една книга), голем формат | 300,00 |

## П О Р А Ч К А БР. 123

Со ова неотповикливо ги порачуваме изданијата под реден број _____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр. _____ во _____ примероци.

Доказот за извршена уплата на жиро с-ка 300000000188798 и порачката ги испраќаме по пошта на адреса бул. „Партизански одреди" бр. 29, п. фах 51, 1000, Скопје, или на телефакс број + 389-2-311-22-67.

**Порачател:** ________________________ **Место:** _________,

**ул.** ____________________, **бр.** _______, **тел./факс** ______________

**Потпис на порачателот**

**Во** ________, ______**2006 година.** **(М.П.)** ____________________



www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефони: +389-2-3298-860, 3290-471, 3290-449.
Телефакс: +389-2-3112-267.

Претплатата за 2006 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ЦЕТИС ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз, Скопје.

ISSN 0354-1622

2006123